ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2017 ГОДИНА СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (937)

01 2018 07 6/4

Скопје, март 2019

# Содржина

| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1-7 |
| **Финансиски извештаи за 2017 и 2016 година** | |
| Биланс на приходи и расходи за 2017 и 2016 година | 8 |
| Биланс на состојба | 9 |
| **Вовед, сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 10 |
| Сметководствени политики | 10 - 12 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 12 -13 |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков"
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 13-190/10

Дата: 26.03.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Велес за 2017 година.

За финансиските извештаи за 2017 година на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Велес изразивме мислење без резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Велес за 2009 година изразено е мислење без резерва и не се дадени препораки.

Ревизијата во останати прашања ја истакнува системската слабост која се однесува на финансирањето на единиците за територијалната против пожарна заштита.

На Нацрт извештајот не се дадени забелешки од страна на одговорното лице на субјектот.

*Ревизорски тим:*
*1.* ______
*2.* ______
*3.* ______
*4.* ______

*Овластен државен ревизор*
______

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 8 и 9 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Велес на сметката на расходи на буџет на дотации (937), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи за 2009 година и за усогласеност со закони и прописи на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Велес за 2009 година. За вистинитоста и објективноста на резултатот од финансиските извештаи за 2009 година, како и за законското и наменското користење на средствата во финасиските трансакции за 2009 година изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Славчо Чадиев, градоначалник од 17.04.2013 до 18.10.2017 година и
- Аце Коцевски, градоначалник од 19.10.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

**2.1.** Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските

извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

**2.2.** Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

**2.3.** Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена, во периодот од 17.10. до 28.12.2018 година кај Општина Велес од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
- Бранко Смилевски, раководител на ревизија и овластен државен ревизор,
- Петре Гаврилов, самостоен ревизор и овластен државен ревизор,
- Биљана Сурлевска, виш ревизор и овластен државен ревизор,
- м-р Маја Михајлов, помлад ревизор и
- Халит Рамадани, помлад ревизор.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 27.12.2018 година.
На Нацрт извештајот не се дадени забелешки од страна на одговорното лице на субјектот.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Согласно Законот за пожарникарство, минималниот број на професионални пожарникари во противпожарните единици се определува во зависност од бројот на жители во општините и тоа:

- во општините до 10.000 жители - девет професионални пожарникари,
- во општините од 10.000 до 15.000 жители - 13 професионални пожарникари,
- во општините од 15.000 до 24.000 жители - 17 професионални пожарникари и
- во општините со над 24 000 жители - еден професионален пожарникар на 1.500 жители.

Територијалната противпожарна единица во Велес, освен кај Општина Велес врши интервенции, ги опслужува и општините Чашка и Градско.

Според последниот извршен попис во 2002 година, Општина Велес брои 55.108 жители, Општина Чашка 7.673 и Општина Градско 3.760 шители или трите општини заедно вкупно 66.541 жители, поради што територијалната противпожарна единица треба да располага со 44 професионални пожарникари. До денот на вршење на ревизијата, во ТППЕ се вработени вкупно 19 професионални пожарникари. Ваквата состојба не е во согласност со член 6 од Законот за пожарникарство и истата создава ризик од ненавремено и несоодветно постапување на ТППЕ во случај на пожари.
Во текот на 2018 преземени се мерки за нови вработувања при што се вработени нови 10 (десет) пожарникари, а во тек е оглас за вработување на уште 10 (десет) пожарникари. Бидејќи надлежните од Општина Велес преземаат мерки во насока на испонување на одредбите од Законот за пожарникарство, во однос на потребниот број на вработени пожарникари, ревизијата не дава препорака.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Велес на ден 31 декември 2017 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на расходи на буџет на дотации (937) на Општина Велес на ден 31 декември 2017 година, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Останати прашања

5.1.1. Согласно член 49 од Законот за пожарникарството, за финансирање на активностите на ТППЕ кои се во негова надлежност, Општина Велес има можности за остварување на дополнителни приходи од: наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштита од пожари и експлозии, доброволни прилози и други средства од осигурителните друштва, фондации, правни и физички лица наменети за унапредување на заштитата од пожари и приходи од сопствени извори за извршени услуги. Општина Велес не остварува приходи по овие основи, освен приходот од осигурителните друштва во износ

од 2% од наплатените премии за осигурување на моторните возила и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила, за кои нема сознание за висината на средствата што треба да се уплатат по овој основ, ниту пак има законска обврска да се увери во точноста и вистинитоста на уплатените средства.

Недоволната прецизност во дефинирањето во законското решение на другите видови на приходи за финансирање на ТППЕ придонесува за неостварување на приходи по овие основи.

Надлежните органи да преземат мерки и активности во насока на допрецизирање на дефинирањето во законското решение на другите видови на приходи за финансирање на ТППЕ.

5.1.2. Согласно Законот за вработените во јавниот сектор, вработените во јавниот сектор се категоризираат во четири основни групи, според кои професионалните пожарникари вработени во територијалните противпожарни единици имаат статус на овластени службени лица во областа на безбедноста, припаѓаат на група II – работни места на службени лица со посебни овластувања, односно лица кои засновале работен однос во институциите во јавниот сектор од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето заради вршење на посебни овластувања, подгрупа 10 – други овластени службени лица во областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето. Во рамките на секоја подгрупа, со посебен закон или колективен договор се утврдуваат повеќе категории на работни места.

Со Законот за пожарникарството се утврдени три категории на работни места кои се делат на четири поткатегории и тоа: категорија А – Високо раководни пожарникари спасители, категорија Б – Раководни пожарникари спасители и категорија В – Професионални пожарникари спасители. Согласно истоимениот закон поради видот и природата на работите што ги извршуваат, износот на платата на професионалните пожарникари во противпожарните единици од членот 5 на овој закон е поголема за 20% од платата на другите вработени со соодветна стручна подготовка за работни места во општинската администрација, чии права и обврски во однос на платата се регулирани со Законот за административни службеници.

Од друга страна пак, согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за пожарникарството, средствата за финансирање за платите и надоместоците на вработените во ТППЕ се обезбедуваат од Буџетот на РМ преку т.н наменски дотации поради што истите се ограничени.

Иако согласно дописот бр.17.2-44244/1 од 19.07.2005 година МВР со кој ЕЛС Велес се известува за начинот на пресметка на плата и во истиот се напоменува дека согласно член 71 од Колективниот договор на МВР, на униформираните лица им се зголемува платата за 20% заради специфичните услови за работа, сепак

зголемувањето не е пресметано врз основ на платата на другите вработени со соодветна стручна подготовка за работни места во општинската администрација.

Ваквата состојба го попречува остварувањето на правото на вработените во ТППЕ на плата поголема за 20% од платата на другите вработени со соодветна стручна подготовка за работни места во општинската администрација.

Општина Велес

Сметка на расходи на буџет на дотации (937)

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 9.643 | 9.851 |
| **Вкупно приходи** | | **9.643** | **9.851** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 9.643 | 9.851 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **9.643** | **9.851** |
| **Вкупно расходи** | | **9.643** | **9.851** |

# Општина Велес
## Сметка на расходи на буџет на дотации (937)

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 638 | 713 |
| **Вкупно тековни средства** | | **638** | **713** |
| **Вкупна актива** | | **638** | **713** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.2.1 | 9 | 15 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.2.2 | 629 | 698 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **638** | **713** |
| **Вкупна пасива** | | **638** | **713** |

Образложенијата од страна 10 до 13 се составен дел на финансиските извештаи

## 1. ВОВЕД

Општина Велес е единица на локална самоуправа формирана согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Општина Велес од Буџетот на Република Македонија добива приходи по основ на наменски дотации согласно член 10 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Сметката на расходи на буџет на дотации (937) е сметка на која се уплатуваат средства по основ на наменска дотација и се извршуваат расходите за финансирање на територијалната противпожарна единица во делот на платите и придонесите за социјално осигурување на вработените во Територијалната противпожарна единица.

Од Министерството за внатрешни работи се реализираат наменските дотации за плати, додатоци на плати и надоместоци на вработените на територијалните противпожарни единици. Законската рамка за децентрализацијата на вработените во територијалните противпожарни единици се воспостави со донесување на Законот за пожарникарство. Во 2006 година е донесена и Уредба за методологија за распределба на наменски дотации за плати и надоместоци на вработените во територијалните противпожарни единици.

Општина Велес финансиското работење на сметката на расходи на буџет на дотации (937) го врши преку сметката 711014100993717, во рамки на Трезорската сметка.

Овластени лица за располагање со паричните средства на горе наведената сметка на Општина Велес во текот на 2017 година се:

- Славчо Чадиев, градоначалник од 17.04.2013 до 18.10.2017 година и
- Аце Коцевски, градоначалник од 19.10.2017 година.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### Основни начела

2.1. Со дотации од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се обезбедуваат дополнителни приходи во буџетот на општината за финансирање на нејзините надлежности определени со закон.

2.2. Од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се распределуваат следните видови на дотации:

- наменска дотација;
- блок дотација, и
- дотација за делегирана надлежност.

2.3. Видот, износот и распределбата на дотациите по општини се составен дел на Буџетот на Република Македонија и на буџетите на фондовите.

2.4. Надлежните министерства и фондовите најдоцна до 30 април во тековната година, ги објавуваат утврдените критериуми, процедури и рокови за распределба на наменските и блок дотациите.

2.5. Дотациите се користат за финансирање на конкретна активност.

2.6. Надлежните министерства и фондовите му предлагаат на Министерството за финансии распределба на наменските и блок дотациите по општини, по проект и инструкција и/или програми со буџетска пресметка за следната буџетска година.

2.7. Надлежните министерства и фондовите го следат користењето на наменските и блок дотации.

2.8. При констатирање на неправилности во користењето на дотациите, надлежните министерства и фондовите ја запираат исплатата на средствата и за тоа го известуваат Министерството за финансии.

2.9. Дотациите од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се трансферираат согласно со прописите за трезорско работење.

**Утврдување на приходи и расходи**

2.10. Признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи содржани во билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување.

2.11. Сметководственото начело на парично искажување значи приходите и другите приливи да се признаваат во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите и другите приливи се мерливи кога е можно да се искажат вредносно. Приходите и другите приливи се расположиви кога се остварени во пресметковниот период.

2.12. Сметководственото начело на парично искажување значи расходите и другите одливи да се признаваат во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

**Ограничување**

2.13. Корисниците на средствата на дотации се должни утврдените средства да ги користат наменски, рационално и економично и не смеат да преземаат обврски над лимитот од одобрените средства.

**Биланс на состојба**

2.14. Под проценување на билансните позиции се подразбира утврдување на вредноста на одделни билансни позиции.

# 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 3.1. Приходи

### 3.1.1. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина од 9.643 илјади денари (2016 година – 9.851 илјада денари). Истата произлегува од добиени средства од Министерство за внатрешни работи, кои се обезбедени согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по основ на наменски дотации како дополнителни приходи на општината за финансирање на нејзините надлежности определени со закон, од областа на противпожарната заштита.

## 3.2. Тековни расходи

### 3.2.1. Плати, наемнини и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, и тоа по следните основи:

- основни плати кои опфаќаат основни плати за други вработени и персонален данок на доход од плата, и
- придонеси за социјално осигурување кои опфаќаат: основни придонеси за ПИО, придонес за бенефициран стаж, основни придонеси за здравство, основен придонес за социјално заболување и основен придонес до Агенцијата за вработување и
- надоместоци за прекувремена работа.

во 000 денари

| Опис | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Основни плати и надоместоци | 6.182 | 6.881 |
| Придонеси за социјално осигурување | 2.668 | 2.970 |
| Надоместоци | 793 | - |
| Вкупно: | 9.643 | 9.851 |

## 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### Актива

### 4.1. Тековни средства

#### 4.1.1. Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 638 илјади денари (2016 година – 713 илјади денари) и се однесува на вкалкулирана и неисплатена плата за месец декември 2017 година на вработените во Територијалната противпожарна единица и на обврски по запирања на работниците.

### 4.2. Пасива

#### 4.2.1. Краткорочни финансиски обврски

Оваа позиција е проценета во износ од 9 илјади денари (2016 година – 15 илјади денари) се однесува на обврски по запирања на работниците во територијалната противпожарна единица и кореспондира со сметката Активни временски разграничувања.

#### 4.2.2. Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените

Оваа позиција е проценета во износ од 629 илјади денари (2016 година – 698 илјади денари) се однесува на вкалкулирана, а неисплатена плата за месец декември 2017 година на територијалната противпожарна единица и кореспондира со сметката Активни временски разграничувања.